Су-03-35/21

*АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ*

# *И З В Е Ш Т А Ј*

## *ЗА РАБОТАТА НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ ЗА 2020 ГОДИНА*

*СКОПЈЕ, МАРТ 2021 ГОДИНА*

1. **ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

**--- ОБЕМ НА РАБОТА ---**

Апелациониот суд Скопје во текот на извештајната 2020 година имал обем на работа од вкупно 18.884 предмети, која бројка ја сочинуваат 8.683 предмети пренесени како незавршени од претходниот извештаен период, 10.124 новопримени предмет (од кои 2 се погрешно заведени) и 79 предмети повторно во работа.

Во текот на извештајната година од вкупниот број предмети во работа, судот решил 12.381 предмети, и тоа 12.308 од новопримените предмети и 73 од предметите повторно земени во работа т.е. 1.231 предмет помалку во однос на минатата година, пред се поради непополнетиот број судиски места утврдени за Апелациониот суд Скопје во текот на целата извештајна година.

Во однос на бројот на незавршени предмети на крајот на годината заклучно со 31.12.2020 година останале 6.503 незавршени предмети, што претставува намалување на заостатокот незавршени предмети за 2.180 предмети во однос на претходната година.

| Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8.683 | 10.124 | 79 | 2 | 18.884 | 12.381 | 6.503 |

2. **РАБОТА НА СУДОТ ВО РАМКИТЕ НА СУДСКАТА УПРАВА**

| Вид на предмети | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СУ-СУ-07 | 1 | 1.292 | | 1.293 | 1.270 | 23 |
| СУ-ДОВ и СУ-СТРДОВ | | 3 | | 3 | 3 | |
| СУ-ИЗЗ | | 308 | 1 | 308 | 308 | |
| УПП | | 725 | | 725 | 720 | 5 |
| СПИ | 1 | 24 | | 25 | 23 | 2 |
| ВКУПНО | 2 | 2.352 | 1 | 2.354 | 2.324 | 30 |

## 3. КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИТЕ НА НИВО НА СУД

Апелациониот суд Скопје во извештајната година го задржал високиот квалитет во работењето низ призма на преоценка на одлуките по изјавени вонредни правни средства од страна на непосредно повисокиот суд.

Имено, предмет на преоценка од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија по повод изјавени правни средства претставувале 618 судски одлуки на Апелациониот суд Скопје, што претставува 4,99% од вкупниот број 12.381 донесени одлуки во извештајната година, од кои 484 одлуки или 3,91% од вкупно решените предмети се потврдени, 84 одлуки или 0,68% од вкупно решените предмети се укинати и 50 одлуки или 0,40% од вкупно решените предмети се преиначени.

| решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 12.381 | 484 | 3,91 | 84 | 0,68 | 50 | 0,40 |

Во однос на бројот од 618 одлуки добиени од Врховниот суд на Република Северна Македонија, 484 одлуки, односно 78,32% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се потврдени, 84 одлуки, односно 13,59% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се укинати и 50 одлуки, односно 8,09% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се преиначени.

| одлуки по ВПЛ | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 618 | 484 | 78,32 | 84 | 13,59 | 50 | 8,09 |

## 4. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

Кривични предмети, кривични предмети од организиран криминал, кривични предмети – деца и прекршочни предмети

Во Кривичниот оддел во извештајната година вкупно во работа имало 1.233 кривичен предмет (КЖ) од кои 335 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, а 891 предмет се новопримени (од кои 1 е погрешно заведен) и 8 предмети се повторно заведени во работа, при што судот вкупно завршил 790 предмети, а на крајот од годината останале нерешени 443 предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година кога Судот во работа имал вкупно 1.341 предмет, во извештајната година обемот на работа е намален за 108 предмети. Приливот е за 194

предмети помал во однос на претходната година кога се примени 1.092 предмети. Бројот на решените кривични предмети во извештајната година е намален за 216 предмети во однос на претходната година кога се решени 1.006 предмети. Во однос на претходната година кога останале нерешени 335 предмети, во извештајната година бројот на нерешените кривични предмети е зголемен за 108 предмети, т.е останати се како нерешени 443 предмети.

Во рамките на Кривичниот оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по кривичните предмети од организиран криминал (КОКЖ), при што во извештајниот период во работа имало вкупно 131 предмети, од кои 109 предмети се новопримени, а 22 предмети се пренесени како нерешени од претходниот период. Од вкупниот број предмети во работа завршени се 83 предмети, а како нерешени останале 48 предмети, кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година кога Судот во работа имал вкупно 93 предмети, во извештајната година обемот на работа е зголемен за 38 предмети. Приливот е за 37 предмети поголем во однос на претходната година кога се примени 72 предмети. Бројот на решените КОКЖ предмети во извештајната година е зголемен за 12 предмети во однос на претходната година кога се решени 71 предмет. Во однос на претходната година кога останале нерешени 22 предмети, во извештајната година бројот на нерешените кривични предмети од организиран криминал е зголемен за 26 предмети, т.е останати се како нерешени 48 предмети.

Исто така, во рамките на Кривичниот оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по кривичните предмети - деца. Во извештајниот период вкупно во работа имало 26 предмети, сите новопримени. До крајот на извештајната година, решени се 25 предмети кои биле во работа, а незавршен останал 1 предмет.

Во однос на претходната година кога Судот во работа имал вкупно 22 предмети, во извештајната година обемот на работа е зголемен за 4 предмети. Приливот е за 6 предмети поголем во однос на претходната година кога се примени 20 предмети. Бројот на решените кривични предмети – деца во извештајната година е зголемен за 3 предмети во однос на претходната година кога се решени 22 предмети. Во однос на претходната година кога не останале нерешени предмети, во извештајната година 1 предмет е останат во работа.

Во рамките на Кривичниот оддел, посебен сегмент претставува постапувањето по прекршочни предмети (ПРКЖ). Во текот на извештајната 2020 година во работа имало вкупно 3.727 прекршочни предмети, од кои 2.058 предмети се пренесени од претходниот извештаен период. Новопримени предмети се 1.669, при што судот решил 1.948 предмети, а на крајот на годината 1.779 предмети останале нерешени и оваа бројка е пренесена во наредната година.

Во однос на претходната година кога Судот имал во работа 3.935 предмети, во извештајната 2020 година обемот на работа е намален за 208 предмети, а бројот на решени предмети е зголемен за 71 предмети во однос на решените 1.877 предмети во 2019 година. Како последица на намалениот прилив и зголемениот број на решени предмети, бројот од 1.779 предмети остаток на крајот на 2020 година претставува намалување за 279 предмети во однос на бројот на нерешени предмети на крајот од претходниот извештаен период, кога изнесувал 2.058 предмети.

| Вид на предмет по уписник | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КЖ | 335 | 891 | 8 | 1 | 1.233 | 790 | 443 |
| КОКЖ | 22 | 107 | 2 | / | 131 | 83 | 48 |
| КЖМ | / | 26 | / | / | 26 | 25 | 1 |
| КСЖ | 63 | 680 | / | / | 743 | 705 | 38 |
| КР | 11 | 163 | / | / | 174 | 164 | 10 |
| Вкупно: | **431** | **1.867** | **10** | **1** | **2.307** | **1.767** | **540** |
| ПРКЖ | 2.058 | 1.668 | 1 | / | 3.727 | 1.948 | 1.779 |
| Вкупно: | **2.489** | **3.535** | **11** | **1** | **6.034** | **3.715** | **2.319** |

## 5. КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

Кривичниот оддел на Апелациониот суд Скопје во извештајната година го задржал високиот квалитет во работењето низ призма на нивна преоценка по изјавени вонредни правни средства од страна на непосредно повисокиот суд.

Имено, предмет на преоценка од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија по повод изјавени правни средства претставувале 97 судски одлуки за кривични предмети на Апелациониот суд Скопје, што претставува 2,62% од вкупниот број 3.715 донесени одлуки во извештајната година, од кои 85 одлуки или 2,29% од вкупно решените предмети се потврдени, 11 одлуки или 0,3% од вкупно решените предмети се укинати и 1 одлука или 0,03 % од вкупно решените предмети се преиначени.

| вид предмет | решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % |
| КЖ | 790 | 61 | 7,72 | 10 | 1,27 | 1 | 0,13 |
| КОКЖ | 83 | 22 | 26,51 | / | / | / | / |
| КЖМ | 25 | / | 0,00 | / | / | / | / |
| КСЖ | 705 | 2 | 0,28 | / | / | / | / |
| КР | 164 | / | / | / | / | / | / |
| ПРКЖ | 1.948 | / | / | 1 | 0,05 | / | / |
| Вкупно: | 3.715 | 85 | 2,29 | 11 | 0,30 | 1 | 0,03 |

Во однос на бројот од 97 одлуки добиени од Врховниот суд на РСМ, 85 одлуки, односно 87,63% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се потврдени, 11 одлуки, односно 11,34% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се укинати и 1 одлука, односно 1,03% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се преиначени.

| одлуки по ВПЛ | решени предмети | потврдени | | Укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % |
| КЖ | 72 | 61 | 84,72 | 10 | 13,89 | 1 | 1,39 |
| КОКЖ | 22 | 22 | 100,00 | / | / | / | / |
| КЖМ | / | / | / | / | / | / | / |
| КСЖ | 2 | 2 | 100,00 | / | / | / | / |
| КР | / | / | / | / | / | / | / |
| ПРКЖ | 1 | / | / | 1 | 100,00 | / | / |
| Вкупно: | 97 | 85 | 87,63 | 11 | 11,34 | 1 | 1,03 |

Во Кривичниот оддел од вкупно завршени 790 предмети полнолетни лица, постапката до еден месец траела во 102 предмети, до два месеци постапката траела во 115 предмети, до три месеци во 118 предмети, постапката во 230 предмети траела од три до шест месеци и кај 225 предмети постапката траела над шест месеци.

Од вкупниот број 83 кривични предмети од организиран криминал, кои се завршени во текот на годината, постапката во 18 предмети траела до еден месец, до два месеци постапката траела во 12 предмети, до три месеци во 15 предмети, постапката во 23 предмети траела од три до шест месеци и кај 15 предмети постапката траела над шест месеци.

Од вкупниот број 25 кривични предмети - деца, кои се завршени во текот на годината, постапката во 7 предмети траела до еден месец, во 11 предмети постапката траела до два месеци, во 4 предмети постапката траела до три месеци, во 2 предмети постапката траела од три до шест месеци и кај 1 предмет постапката траела над шест месеци.

Од вкупниот број 1.948 прекршочни предмети, кои се завршени во текот на годината, постапката во 173 предмети траела до еден месец, до два месеци постапката траела во 90 предмети, до три месеци во 42 предмети, постапката во 122 предмети траела од три до шест месеци и кај 1.521 предмет постапката траела над шест месеци.

## 6. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

Во текот на 2020 година во Судот во работа имало вкупно 6.103 граѓански предмети, од кои 2.534 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 3.538 предмети (од кои 1 е погрешно заведен) се новопримени и 32 предмети повторно во работа, при што Судот вкупно решил 4.428 предмети, а на крајот од годината нерешени останале 1.675 предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година, кога Судот во работа имал вкупно 7.706 предмети, обемот на работа во извештајната година е намален за 1.603 предмети. Приливот во извештајната година е намален за 1.733 предмети во однос на претходната година, кога се

примени 5.302 предмети. Исто така, намален е и бројот на решени предмети во извештајната година и тоа за 744 предмети помалку во однос на претходната година кога биле решени 5.172 предмети. Бројот на предмети останати во работа на крајот од извештајниот период е намален за 859 предмети во однос на 2.534 предмети кои биле останати во работа на крајот од 2019 година.

| Вид на предмет по уписник | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГЖ | 2.534 | 3.526 | 32 | 1 | 6.091 | 4.417 | 1.674 |
| Р | / | 12 | / | / | 12 | 11 | 1 |
| Вкупно: | 2.534 | 3.538 | 32 | 1 | 6.103 | 4.428 | 1.675 |

Во текот на 2020 година во Граѓанскиот оддел на судот, до 30.09.2020 година постапувале 14 судии. Во последното тромесечие од годината, 6 судии (3 судии од Апелациониот суд Битола и 3 судии од Апелациониот суд Гостивар) биле времено упатени да ја извршуваат судиската функција во Апелациониот суд Скопје и биле распоредени во Граѓанскиот оддел на судот, па така во одделот постапувале 20 судии.

## 7. КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

Граѓанскиот оддел на Апелациониот суд Скопје во извештајната година го задржал високиот квалитет во работењето низ призма на нивна преоценка по изјавени вонредни правни средства од страна на непосредно повисокиот суд.

Имено, предмет на преоценка од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија по повод изјавени правни средства претставувале 237 судски одлуки на Апелациониот суд Скопје, што претставува 5,36% од вкупниот број 4.428 донесени одлуки во извештајната година, од кои 176 одлуки или 3,98% од вкупно решените предмети се потврдени, 37 одлуки или 0,84% од вкупно решените предмети се укинати и 24 одлуки или 0,54% од вкупно решените предмети се преиначени.

| вид предмет | решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % |
| ГЖ | 4.417 | 176 | 3,98 | 37 | 0,84 | 24 | 0,54 |
| Р | 11 | / | / | / | / | / | / |
| Вкупно: | 4.428 | 176 | 3,98 | 37 | 0,84 | 24 | 0,54 |

Во однос на бројот од 237 одлуки добиени од Врховниот суд на РСМ, 176 одлуки, односно 74,26% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се потврдени, 37 одлуки, односно 15,61% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се

укинати и 24 одлуки, односно 10,13% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се преиначени.

| одлуки по ВПЛ | решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % |
| ГЖ | 237 | 176 | 74,26 | 37 | 15,61 | 24 | 10,13 |

Во Граѓанскиот оддел од вкупно решени 4.417 „ГЖ“ предмети, постапката до еден месец траела во 800 предмети, до два месеци во 294 предмети, до три месеци во 309 предмети, од три до шест месеци во 758 предмети и над шест месеци во 2.256 предмети.

## 8. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА ОДДЕЛ ЗА РАБОТНИ СПОРОВИ

Одделот за работни спорови во текот на 2020 година во работа имал вкупно 3.228 предмети, од кои 1.641 предмети биле пренесени од претходниот извештаен период, а 1.574 предмети се новопримени и 13 предмети повторно во работа, при што решени се вкупно 1.587 предмети, а на крајот на годината останале 1.641 нерешен предмет, кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година, кога Судот во работа имал вкупно 3.659 предмети, обемот на работа во извештајната година е намален за 431 предмет. Приливот во извештајната година е намален за 970 предмети во однос на претходната година, кога се примени 2.557 предмети. Бројот на решени предмети во извештајната година е намален за 431 предмет во однос на претходната година кога биле решени 2.018 предмети. Бројот на предмети останати во работа на крајот од извештајниот период е еднаков на бројот на предмети кои биле останати во работа на крајот од 2019 година и изнесува 1.641 предмет.

| Вид на предмет по уписник | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РОЖ | 1.641 | 1.574 | 13 | / | 3.228 | 1.587 | 1.641 |

Во првото тромесечие од 2020 година во Одделот за работни спорови, по предмети од РОЖ уписник постапувале 5 судии, а во следните три тромесечија до крајот на 2020 година постапувале 6 судии.

## 9. КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА ОДДЕЛ ЗА РАБОТНИ СПОРОВИ

Одделот за работни спорови на Апелациониот суд Скопје во извештајната година го задржал високиот квалитет во работењето низ призма на нивна преоценка по изјавени вонредни правни средства од страна на непосредно повисокиот суд.

Имено, предмет на преоценка од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија по повод изјавени правни средства претставувале 165 судски одлуки на Апелациониот суд Скопје, што претставува 10,39% од вкупниот број 1.587 донесени одлуки во извештајната година, од кои 147 одлуки или 9,26% од вкупно решените предмети се потврдени, 7 одлуки или 0,44% од вкупно решените предмети се укинати и 11 одлуки или 0,69% од вкупно решените предмети се преиначени.

| вид предмет | решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % |
| РОЖ | 1.587 | 147 | 9,26 | 7 | 0,44 | 11 | 0,69 |

Во однос на бројот од 165 одлуки добиени од Врховниот суд на РСМ, 147 одлуки, односно 89,09% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се потврдени, 7 одлуки, односно 4,24% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се укинати и 11 одлуки, односно 6,67% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се преиначени.

| одлуки по ВПЛ | решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | број | % | број | % | број | % |
| РОЖ | 165 | 147 | 89,09 | 7 | 4,24 | 11 | 6,67 |

Од вкупно завршените 1.587 предмети „РОЖ“ од областа на работните спорови, постапката до еден месец траела во 21 предмет, до два месеци во 3 предмети, до три месеци во 7 предмети, од три до шест месеци во 42 предмети и над шест месеци кај 1.514 предмети.

## 10. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА ОДДЕЛ ЗА ТРГОВСКИ СПОРОВИ

Трговскиот оддел во текот на извештајната 2020 година во работа имал вкупно 3.519 предмети од кои 2.019 предмети биле пренесени како нерешени од претходната година, а 1.477 предмети се новопримени и 23 предмети повторно во работа, при што Судот решил вкупно 2.651 предмет, а на крајот на годината останале 868 нерешени предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година кога Судот во работа имал 4.524 предмети, во извештајната година обемот на работа е намален за 1.005 предмети. Приливот во извештајната година е намален за 807 предмети во однос на претходната година кога биле примени вкупно 2.307 предмети. Бројот на решени предмети по трговски спорови во извештајната година е зголемен за 146 предмети во однос на претходната година кога биле

решени 2.505 предмети. На крајот од извештајната 2020 година останале 868 незавршени предмети, што е за 1.151 предмети помалку од минатата извештајна година.

| Вид на предмет по уписник | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримен и предмети | Предмети повторно во работа | Погрешн о заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТСЖ | 2.019 | 1.477 | 23 | / | 3.519 | 2.651 | 868 |

Во првото тромесечие од 2020 година во Одделот за стопански спорови, по предмети од ТСЖ уписник постапувале 8 судии, а во последните три тромесечија до крајот на 2020 година постапувале 9 судии.

## 11. КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА ОДДЕЛ ЗА ТРГОВСКИ СПОРОВИ

Трговскиот оддел на Апелациониот суд Скопје во извештајната година го задржал високиот квалитет во работењето низ призма на нивна преоценка по изјавени вонредни правни средства од страна на непосредно повисокиот суд.

Имено, предмет на преоценка од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија по повод изјавени правни средства претставувале 119 судски одлуки на Апелациониот суд Скопје, што претставува 4,49% од вкупниот број 2.651 донесени одлуки во извештајната година, од кои 76 одлуки или 2,87% од вкупно решените предмети се потврдени, 29 одлуки или 1,09% од вкупно решените предмети се укинати и 14 одлуки или 0,53% од вкупно решените предмети се преиначени.

| вид предмет | решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % |
| ТСЖ | 2.651 | 76 | 2,87 | 29 | 1,09 | 14 | 0,53 |

Во однос на бројот од 119 одлуки добиени од Врховниот суд на РСМ, 76 одлуки, односно 63,87% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се потврдени, 29 одлуки, односно 24,37% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се укинати и 14 одлуки, односно 11,76% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек се преиначени.

| одлуки по ВПЛ | решени предмети | Потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % |
| ТСЖ | 119 | 76 | 63,87 | 29 | 24,37 | 14 | 11,76 |

Од вкупно завршените 2.651 предмети „ТСЖ“ по трговски спорови, постапката до еден месец траела во 324 предмети, до два месеци во 48 предмети, до три месеци во 59 предмети, од три до шест месеци во 136 предмети и над шест месеци во 2.084 предмети.

## 12. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

| Вид предмет | Нерешени - стари предмети | Новопримени -стари предмети | Вкупно во работа - стари предмети | Решени - стари предмети | Остаток - стари предмети |
|---|---|---|---|---|---|
| КЖ | 44 | 322 | 366 | 227 | 139 |
| КОКЖ | 2 | 22 | 24 | 15 | 9 |
| КЖМ | / | 1 | 1 | 1 | / |
| КСЖ | 3 | 34 | 37 | 35 | 2 |
| ПРКЖ | 1.454 | 1.268 | 2.722 | 1.521 | 1.201 |
| ГЖ | 1.200 | 1.731 | 2.931 | 2.267 | 664 |
| РОЖ | 688 | 1.690 | 2.378 | 1.519 | 859 |
| ТСЖ | 1.204 | 1.242 | 2.446 | 2.089 | 357 |
| Вкупно: | 4.595 | 6.310 | 10.905 | 7.674 | 3.231 |

Апелациониот суд Скопје во текот на извештајната 2020 година во работа имал вкупно 10.905 стари предмети, од кои 4.595 предмети биле пренесени како нерешени од претходната година, а за 6.310 предмети во текот на извештајниот период поминал периодот од 6 месеци од прием на предметот во Судот. Во Судот биле решени вкупно 7.674 стари предмети, а на крајот на годината останале 3.231 нерешени стари предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Со оглед на погоре изнесената состојба, по однос на работата на судот како на општо ниво, така и по оддели, односно уписници она што е очигледно е дека судот успеал да го совлада приливот на нови предмети, со засилениот ангажман на судиите кои судиската функција ја извршуваат во Апелациониот суд Скопје, надминувањето на ориентационата норма од страна на скоро сите судии, односно завршување далеку поголем број предмети од утврдениот со ориентационата норма што е константна појава во Судот.

## 13. ИЗВЕШТАЈ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

### *- НОСИТЕЛИ НА СУДИСКАТА ФУНКЦИЈА*

Согласно со актот за систематизација и одлука бр.02-2114/1 од 01.12.2015 година на Судскиот совет на Република Македонија, судиската функција во Апелациониот суд Скопје во текот на 2020 година утврдено е да ја вршат претседател и 51 судија, меѓутоа,

во текот на извештајната година, Судот функционираше во нецелосен состав, со тоа што судиската функција ја извршуваше квантитативно променлив состав на судии.

Календарската 2020година судот ја започнал со 37 судија вклучувајќи го и претседателот на судот.

Во месец март на двајца судии се избрани за судии на Врховниот суд на Република Северна Македонија и судот продолжи да функционира со 35 судии, со тоа што кон крајот на месец март извршен е избор на четворица нови судии, со што бројката на носителки на судиската функција во судот изнесува 39 судии.

Почнувајќи од 08.05.2020 година уште двајца од ново избраните судии започнааа со извршување на судиската функција и во судот судиската функција ја извршуваат 41 судија во кој број е вклучен и претседателот на Судот и број со кој судот ја заврши и извештајната 2020 година.

***СТРУЧНИ СУДСКИ СЛУЖБЕНИЦИ***

Бројот на судската служба на крајот од 2020 година во Судот изнесува 111 вработени. Во извештајниот период во судската служба на судот реализирани се 2 нови вработувања по објавен оглас од 2019 година и предвидени со Годишниот план за вработување за 2019 година.

Согласно Годишниот план за вработување за 2020 година во судот рерализирано е едно ново вработување – Раководител на граѓански оддел, а за 10 нови вработувања постапката сеуште е во тек и не е во целост реализирана.

Исто така, по пат на интерен оглас реализирани се 32 унапредувања на судски службеници, предвидени со Годишниот план за вработување за 2020 година.

Во текот на 2020 година едно вработување е реализирано по пат на склучена спогодба за превземање со Основниот суд Струга.

Во текот на 2020 година на двајца судски службеници им престана вработувањето поради исполнети услови за старосна пензија, на еден судски службеник му мирува работното место поради избор на јавна функција, а на двајца судски службеници им престана вработувањето по нивно барање.

## 14. ИЗВЕШТАЈ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ

За функционирањето на Судот во извештајната 2020 година, карактеристично е интензивирање на користењето на информатичко комуникациските технологии во сите сегменти на работата, што пред сé се должи на пандемијата предизвикана од корона вирусот и мерките преземени како превенција од ширење на болеста Covid 19.

Целокупното управување со движењето на судските предмети, како и донесувањето на судските одлуки се одвива со користење на Автоматизираниот информатички систем за управување со судските предмети (АКМИС). Во системот се води електронска евиденција

на потребните податоци во врска со предметите и се изготвуваат акти во истите. Посебно внимание се посветува на автоматската распределба, како и на автоматската прераспределба на судските предмети по судии. Континуирано се следи и квалитетот на внесените податоци, во смисла дали истите се пополнуваат целосно и точно. Исто така, постојано се врши подобрување и оптимизирање на работата во АКМИС за секоја корисничка група на системот, поодделно.

Сите месечни, квартални и годишни извештаи и прегледи, врз основа на кои се следи работата на Судот, судиите и другите корисници на системот, се генерираат електронски од АКМИС и редовно се доставуваат до надлежните институции. Пристапот до потребните информации е значително подобрен, а комуникацијата помеѓу вработените од Судот и вработените во институциите со кои Судот соработува е поедноставена.

Во текот на 2020 година, Амбасадата на САД во Република Северна Македонија донираше опрема за тонско снимање на судски рочишта за три судници во Апелациониот суд Скопје. Опремата се состои од три персонални компјутери со соодветен оперативен систем (Windows 10) опремени со миксети и звучници, апликативен софтвер СРС ФЕМИДА и мрежен уред за складирање на тонските записи. Опремата е инсталирана и целосно конфигурирана, а предвидено е сите судиски совети од Кривичниот оддел, Граѓанскиот оддел, Одделот за работни спорови како и Трговскиот оддел да можат да одржуваат рочишта со тонски запис.

Во текот на 2020 година, од страна на судиите кои постапуват по предмети согласно Законот за парнична постапка, извршено е тонско снимање на 52 рочишта, согласно Упатството за тонско снимање на рочишта изготвено од страна на Работното тело за стандардизација на постапките во судовите при Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Земајќи го во предвид значењето на овој систем за успешно одржување на рочиштата согласно ЗПП, сметаме дека е неопходно да се обезбеди тековно одржување.

Во Апелациониот суд Скопје, се користи и „Системот за електронска достава на судски документи". Системот е оценет како ефикасен и едноставен за користење од страна на корисниците. Вработените во судските писарници, по добиена наредба од судиите, вршат електронска достава на разни писмена (одлуки, покани, писма и др.) и притоа не се забележани никакви недостатоци. Во текот на 2020 година извршена е електронска достава на 348 писмена во вкупно 292 предмети.

Во Судот, во текот на извештајниот период, се скенирани околу 1.162 влезни документи (поднесоци во врска со судските предмети доставени директно во Апелационен суд Скопје). Скенираните влезни документи се приклучуваат кон соодветното електронското досие на предметот во АКМИС.

Во текот на 2020 година, вработените во Апелациониот суд Скопје редовно се информирани со објавување на бројни податоци во врска со сите новини во организацијата и работата на Судот, активности на судските оддели, судиите и другите вработени, соработка со други судови и институции, следење на правна легислатива и судска практика, сервисни информации и друго, на интерната web страна, која се хостира локално. На овој начин се постигнува навремено, ефикасно информирање на вработените во Судот, како и заштеда на финансиски средства.

Во текот на 2020 година е продолжено со користење на web порталот на судот (www.asskopje.mk). Редовно се ажурираат и дополнуваат сите предвидени содржини на порталот, а исто така, се следи и автоматското генерирање на податоците од календарот на насрочени предмети, како и објавувањето на анонимизираните судски одлуки.

Процесот на објавување на анонимизираните судски одлуки, се одвива отежнато како поради големиот број на одлуки кои треба да се објават што го оптеретува АКМИС, значително зголемувајќи ја големината на базата на податоци, чија големина (>65GB) се наметнува како сериозен проблем, наспроти ограничениот дисков простор на процесниот сервер. Како друг момент, би ја истакнале потребата за донесување на ажурирано Упатство за начинот на објавување и пребарување на судските одлуки на веб страницата на судот, а согласно Законот за управување со движењето на предметите во судовите (Сл.в. на РСМ бр.42/20).

Исто така, сеуште постојат и помали технички проблеми од типот на несоодветна автоматска анонимизација на текстот на одлуката или неможност одредена одлука да се анонимизира. Од страна на корисниците на веб страницата на судот често се пријавуваат проблеми при пребарување на веќе објавените судски одлуки.

Во информатичкото работење на Апелациониот суд Скопје применети се сите барања од правилниците и процедурите донесени согласно Законот за заштита на личните податоци. Со тоа во Судот е подигнато нивото на заштита на податоците кои се предмет на обработка, зголемена е контролата на пристап до ИКТ системите. Редовно се ажурираат и корисничките привилегии кои ги имаат вработените за пристап до АКМИС.

За антивирусна заштита на работните станици, во Судот се користи Kaspersky Endpoint Security 11 for Windows софтвер.

Одредени проблеми во работењето предизвикува застарената пасивна мрежна опрема, инсталирана во 2000 година и чиј пропусен капацитет не ги задоволува потребите на секојдневното работење, па потребна е замена на истата со нова. Исто така, потребна е надградба на активната мрежна опрема која е инсталирана во текот на 2011 година.

Во Судот повеќе од десет години се користи единствен процесен сервер, на кој функционираат пет виртуелни машини кои го покриваат целокупното работење на ИКТ системите. Оптеретеноста на серверот расте со текот на времето, што доведува до значително успорување на работата на корисниците. Хардверски капацитет на истиот ни оддалеку не ги задоволува потребите на секојдневното работење, и тоа од аспект на дисков простор, работна меморија, процесорна моќ итн. Ако се земат предвид континуираните надградби на АКМИС и потребата од секојдневно користење на воведените ИКТ системи, неопходно е да се набават нови, помоќни сервери (најмалку два) со што би се обезбедило ефикасно и непречено работење на судот.

Судот располага со доволен број на работни станици, монитори, печатари и скенери со што се обезбедени соодветни услови за работа на корисниците, а постигнат е и задоволителен степен на сигурност на системот во целина.

Судот не располага со интерен емаил сервер, туку користи 100 емаил адреси хостирани во „Телесмарт Телеком“ ДОО Скопје кои не ја задоволуваат потребата секој вработен во судот (>155) да има службена емаил адреса, со што би се подобрила комуникацијата помеѓу вработените и ефикасноста на работењето.

Се поинтензивната електронска комуникација, посетувањето на online средби,

конференции, обуки и сл. ја наметнува потребата од набавка на преносни компјутери опремени со мултимедијални уреди или набавка на камери и микрофони за веќе постоечките компјутери во судот.

Од големо значење за Судот би било електронското поврзување со основните судови од апелационото подрачје Скопје, со што би се овозможила електронска размена на податоци и комплетирање на електронските досиеа на предметите. Со тоа би се намалил обемот на податоци кои треба да се внесуваат во АКМИС и би се поедноставила работата по судските предмети.

Во текот на 2020 година, Апелациониот суд Скопје во своето работење го имплементираше системот за управување со квалитет МКС EN ISO 9001:2015, со кој се опфатени и процесите за подршка од ИКТ областа со што се очекува натамошно унапредување на користењето на инсталираните ИКТ системи и подобрување на квалитетот на обработените податоци во судот.

Со цел редовно одржување на ИКТ системите во судот потребно е да се обезбеди соодветна сервисна подршка за целокупната инсталирана опрема и софтвер, како и обезбедување доволно финансиси средства за потрошни материјали поврзани со истата.

Оптималното користење на потенцијалот кој го нуди информатичката технологија инсталирана во судот налага потреба од континуирана едукација на целокупниот персонален состав на судот за начинот на нејзината употреба, вклучувајќи ги и информатичарите.

Во Судот е вработен само еден инженер - информатичар, но за да се обезбеди поквалитетна техничка поддршка во користењето на информатичката технологија, потребно е да се зголеми бројот на извршители – технички лица соодветно стручно оспособени за сите области од информатиката кои се веќе применети во Судот.

## 15. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ

Апелациониот суд Скопје својата дејност ја извршува во сопствена зграда, меѓутоа во извештајната 2020 година, како и подолг период наназад, не задоволуваат просторните услови за непречено функционирање на судот, а со оглед да во истата зграда функционираат и други институции кои исто така ги извршуваат работите од својата надлежност во истиот објект и заземаат поголем дел од просторот. Моментално судот, како е погоре изнесено, својата функција ја извршува со непотполн состав, како по однос на носителите на судиска функција, така и во поглед на стручните судски службеници и административно технички судски службеници, така што со нецелосно, туку и минимално пополнување на бројот согласно систематизацијата, судот ќе се соочи со просторен проблем – недоволен број канцеларии за сите вработени во судот, а со тоа и неопходни услови за непречено работење.

Претседател на Судот
Лидија Димчевска